# Листа на проверки за возачите на автобуси

**Комерцијалните автобуси се вклучени во помал број на сообраќајни несреќи по изминат километар, во споредба со останатите возила. Сепак, во овие сообраќајни несреќи, без разлика по чија вина се случиле, последиците се посериозни заради поголемата тежина и димензии на овие возила. Несреќите можат да имаат сериозни последици и заради големиот број патници што се превезуваат.**

**Како возачи на автобуси, постојано мора да возите многу одговорно, и да ја покажете вашата професионалност со тоа што ќе ги предвидувате ситуациите на патот и ќе го игнорирате небезбедното и неразумно однесување на другите учесници во сообраќајот. Можете да спасите животи, да го подобрите имиџот на професијата и да и помогнете на транспортната индустрија да се спротивстави на рестриктивните регулативи.**

## ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ?

**Вашиот и животот на другите учесници во сообраќајот зависи од вашата подготвеност и реакција во итни случаи**



Професионалното возење е многу напорно, заради што мора да бидете во добра физичка и психичка кондиција. Подобро ќе се чувствувате и ќе возите доколку **се храните здраво и редовно вежбате**.



**Прилагодете го седиштето на начин на кој ќе можете најудобно да седите**, а сите команди ќе ви бидат на дофат на рацете. Главата наместете ја оптимално на наслонувачот, што може да ви користи во случај на сообраќајна несреќа. Седете удобно во седиштето, без да го оптеретувате грбот.



**Користете го безбедносниот ремен**, и не го заборавјте совозачот и/или водачот на групата. Не е добро доколку излетате низ ветробранското стакло!



**Почитувајте ги законските правила за часовите за возење и одмор.** Нивното непочитување, како и секакво манипулирање со тахографот е незаконско, и претставува непочитување на човечките животи – вашиот и на другите луѓе. Часовите за одмор користете ги...за одмор!



**Пред да започнете со возење, не пијте алкохол, не земајте дрога и лекарства што може да делуваат на вашата способност за возење.** Избегнувајте тешки оброци пред возење, затоа што можат да ве направат поспани.



**Доколку се чувствувате поспани, не продолжувајте со возење - ЗАСТАНЕТЕ**! Излезете од возилото, протегнете ги нозете и земете свеж воздух.

## ...ДАЛИ Е СЕ ОСТАНАТО ПОДГОТВЕНО?



**Дали е се во исправна состојба**? Дали ги проверивте сопирачките, гумите (притисок и длабочина на шарата), маслото и уредот за ладење? Дали се во ред ретровизорите, прозорците (дали се чисти), бришачите, светлата, сијаличките? Дали е исправна посебната опрема, како што се противпожарните апарати и ланците за снег? Дали на возилото има видливи оштетувања и дали возилото е чисто?




**Дали патниците седат правилно, со врзани ремени**? Дали знаат каде се наоѓа опремата за итни случаи и каде се излезите за итни случаи? Дали овие излези се лесно достапни? Дали багажот е правилно распределен и обезбеден? Погрижете се да нема багаж во просторот за поминување меѓу седиштата.




**Дали ги имате сите потребни документи**? Дали го вметнавте тахографскиот диск/картичка? Дали во возилото имате доволно резервни тахографски дискови? Дали патниците ги имаат потребните документи? Колку патници имате во автобусот? Иако листата на патници не е законски задолжителна, може да заштеди драгоцено време во случај на сообраќајна несреќа.




**Проверете ја рутата.** Дали има мостови, тунели и сл. каде што вашето возило ќе има проблем поради димензиите и тежината? Дали оптимално ги користи автопатиштата и ги избегнува населените области? Дали го испланиравте патувањето на начин на кој навремено ќе ги користите потребните паузи? Дали ја проверивте временската прогноза?

Возете безбедно – иницијатива на транспортниот сектор

IRU International Road Transport Union

# ВНИМАВАЈТЕ НА УСЛОВИТЕ НА ПАТОТ



**Не заборавајте дека мртвите агли ве спречуваат да ги видите поситните учесници во сообраќајот** (автомобили, мотоцикли, велосипеди, пешаци), кои се наоѓаат блиску до вашето возило. Особено внимавајте при свртување, рикверц, и кога возите во спротивна лента од онаа во која што вообичаено возите.



**Не претекнувајте,** освен ако сте потполно сигурни дека имате доволно простор, и дека со тоа нема да ги забавите останатите возила.



**Држете безбедно растојание од возилото пред вас,** најмалку она растојание пропишано со закон. Не заборавајте дека колку побрзо возите, потребно ви е поголемо растојание, и дека поголемо растојание е потребно во услови на дожд, кал, мраз и снег, како и во тунелите.




**Запрете ако имате дефект на моторот или ако се прегрее ретардерот.** Не продолжувајте се додека не бидете целосно сигурни дека не постои ризик од прегревање или повторен дефект.



**Обидете се да ги предвидите проблемите.** Избегнувајте нагло кочење и забрзување, бидејќи е опасно за другите учесници, не е удобно за патниците, троши повеќе гориво и дополнително ја загадува околината.




**Постојано почитувајте ги ограничувања та на брзината и другите сообраќајни знаци.** Не ги прифаќајте лошите навики на другите учесници во сообраќајот. Со внимателно возење го штитите вашиот живот, животот на другите, и вашата работа!




**Во случај на дефект, несреќа или друг итен случај, веднаш** известете ја вашата база и/или локалните служби за итна помош. Меморирајте ги броевите на службите за итна помош во вашиот мобилен телефон.



**Ноќе, навремено исклучувајте ги долгите светла**, кога ви се приближуваат возила од спротивната насока. Дали светлата ви се соодветно прилагодени? Водете сметка за тоа светлата и фаровите да се чисти, за вашето возило да биде видливо.



**Прилагодете го возењето според временските услови.** Кога коловозот е лизгав од дожд, кал, мраз или снег (не ги заборавајте ланците!), намалете ја брзината – истото важи и за возење во магла, на дожд или на стемнување /разденување, како и за возење низ тунели.




**Паркирајте само на дозволени места.** Водете сметка да не го попречувате сообраќајот или видното поле на другите учесници во сообраќајот, и избегнувајте да се паркирате во населени места. Погрижете се возилото да не се придвижи додека сте надвор од него. **Не оставајте го моторот вклучен без потреба.**



**Секогаш кога е можно, користете безбеден паркинг.** Не паркирајте на изолирани, неосветлени места, особено ноќе. Не им давајте на непознати информации за патниците или рутата. Пред да продолжите со возење, проверете дали на возилото има знаци за насилно влегување или отварање на товарниот дел.



**Додека возите, забранета е употреба на мобилен телефон**, освен ако користите “hands-free” систем, со кој рацете ќе ви бидат слободни додека разговарате



**По завршување на патувањето,** известете ја компанијата за евентуални проблеми со возилото, со рутата што ја возевте, или со местата што ги посетивте, за истите да можат да се корегираат пред следното патување.

## Покажете дека сте професионалец - и ќе ве почитуваат!

ИРУ и нејзините асоцијации-членки го претставуваат вашиот бизнис, и работат на обезбедување најдобра можна законска рамка за индустријата за патен транспорт.

Како професионални возачи, вршите професија што е есенцијална за економијата и општеството. Бидете горди на вашата професија, бидете горди на вашето возење!

IRU International Road Transport Union
www.iru.org

© 2003 IRU I-0056-1(e)